Република Северна Македонија

**Инспекциски совет**

Арх. број: ____________

Датум: ____________

До
д-р Страшо Глигоров
ул. Бриселска бр. 8-1/16
Скопје- Карпош
(pkbbezbednost@gmail.com)

Предмет: Известување

Врска (Ваш број):

Почитуван,

До Инспекцискиот совет е пристигнато Ваше Барање за пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-79/1 од 15.01.2024 година, во кое Вие барате да Ви се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса (pkbbezbednost@gmail.com) и по пошта, препис од следната информација:

1. Дали во целост било постапено согласно Законот за инспекциски надзор и актите кои произлегуваат од него, прописите за општа управна постапка, Законот за спорт и другите прописи кои требало да се спроведат при реализацијата на НАРЕДБАТА за вршење вонреден инспекциски надзор број 14-768/2 од 21.03.2023 година издадена од Директорот на Агенцијата за млади и спорт, односно при спроведувањето на вонредниот целосен и сеопфатен инспекциски надзор врз работењето на БФРСМ и при составувањето на Записникот за извршен инспекциски надзор бр. Ип.1.14-768/3 од 23.03.2023 година.
2. Дали НАРЕДБАТА за вршење вонреден инспекциски надзор бр.14-768/2 од 21.03.2023 година издадена од Директорот на Агенцијата за млади и спорт била издадена согласно Законот за инспекциски надзор („Сл. Весник на РСМ" број 102/2019) и прописите кои произлегуваат од него и согласно Законот за спорт.
3. Сите пристигнати претставки (подносител, дата и број на прием на поднесокот во АМС и предмет на поднесокот) од Полициски боречки клуб БЕЗБЕДНОСТ Скопје и лицето Страшо Глигоров до Државен управен инспекторат, Инспекциски совет и Агенција за млади и спорт кој бил изготвен Записник бр. Ип.1.14-768/3 од 23.03.2023 година.
4. Дали инспекциската служба има изготвено и други записници од сеопфатниот инспекциски надзор вр работењето на БФРСМ, доколку има да се наведат.
5. Дали Записник за извршен инспекциски надзор бр. Ип.1.14-768/3 од 23.03.2023 година е составен согласно Законот за инспекциски надзор и прописите кои произлегуваат од него.

6. Сите поднесоци (подносител, дата и број на прием на поднесокот во АМС и предмет на поднесокот) кој биле опфатени со извршениот сеопфатен инспекциски надзор, поврзани против работата на Боречка Федерација на РСМ во периодот од 01.01.2019 година се до денот на поднесената иницијатива за кој бил изготвен Записник со ИП 1.14-768/3 од 23.03.2023 година.
7. Сите пристигнати претставки (подносител, дата и број на прием на поднесокот во АМС и предмет на поднесокот) од Полициски боречки клуб БЕЗБЕДНОСТ Скопје и лицето Страшо Глигоров до Државен управен инспекторат, Инспекцискиот совет и Агенцијата за млади и спорт кој НЕ биле опфатени со извршениот сеопфатен инспекциски надзор, поврзани против работата на Боречка Федерација на РСМ во периодот од 01.01.2019 година се до денот на поднесената иницијатива за кој бил изготвен Записник со ИП 1.14-768/3 од 23.03.2023 година.
8. Дали било извршен вонреден целосен и сеопфатен инспекциски надзор врз работењето на БФРСМ, по сите пристигнати претставки од Полициски боречки клуб БЕЗБЕДНОСТ Скопје и лицето Страшо Глигоров до Државен управен инспекторат, Инспекцискиот совет и Агенцијата за млади и спорт.
9. Целокупната документација која била земена во предвид при утврдувањето на состојбата.
10. Дали била земена во предвид целокупната документација која била наведена во сите претставки од Полициски боречки клуб БЕЗБЕДНОСТ Скопје и лицето Страшо Глигоров до Државен управен инспекторат, Инспекцискиот совет и Агенцијата за млади и спорт.
11. Која документација НЕ била земена во предвид при утврдувањето на состојбата а била наведена во сите пристигнати претставки од Полициски боречки клуб БЕЗБЕДНОСТ Скопје и лицето Страшо Глигоров до Државен управен инспекторат, Инспекцискиот совет и Агенцијата за млади и спорт.
12. Кои инспекциски и управни дејствија биле преземени од Агенцијата за млади и спорт при спроведувањето на вонредниот целосен и сеопфатен инспекциски надзор врз работењето на БФРСМ и при составувањето на Записникот за извршен инспекциски надзор број Ип.1.14-768/3 од 23.03.2023 година.
13. Кои инспекциски и управни дејствија НЕ биле преземени од страна на Агенцијата за млади и спорт при спроведувањето на вонредниот целосен и сеопфатен инспекциски надзор врз работењето на БФРСМ и при составувањето на Записникот за извршен инспекциски надзор број Ип.1.14-768/3 од 23.03.2023 година.
14. Дали наводите и третираната документација во сите поднесоци (претставки, дополненија, барања) поднесени од страна на Полициски боречки клуб БЕЗБЕДНОСТ Скопје и лицето Страшо Глигоров до Државен управен инспекторат, Инспекцискиот совет и Агенцијата за млади и спорт доставени во периодот од 01.01.2019 година се до денот на поднесување на оваа иницијатива кои не се опфатени со Записник бр. ИП 1.14-768/3 од 23.03.2023 година се повторуваат во наводите и документацијата во Записник бр. ИП 1.14-768/3 од 23.03.2023 година.

Врз основа на зеднички состанок организиран во просториите на Инспекцискиот совет на РСМ на кој биле присутни претставници на Државен управен инспекторат, Инспекцискиот совет и АСгенцијата за млади и спорт, бил донесен заклучок за потребата од вонреден целосен и сеопфатен инспекциски надзор врз работењето на БФРСМ, а по пристигнатите претставки од лицето Страшо Глигоров до сите институции кои биле присутни на состанокот.

Согласно овој заклучок, Директорот на Агенцијата за млади и спорт издал НАРЕДБА за вршење вонреден инспекциски надзор број 14-768/3 од 23.03.2023 година.

Во повеќе наврати од страна на Инспекцискиот совет и Агенцијата за млади и спорт извршила сеопфатен инспекциски надзор во Боречка федерација на Северна Македонија и дека Записникот за извршен инспекциски надзор бр. 14-768/3 од 23.03.2023 година бил објавен на веб страната на Агенцијата за млади и спорт.

Во НАРЕДБА за вршење вонреден инспекциски надзор број 14-768/3 од 23.03.2023 година, НЕ е наведено и цитирано по кои точно поднесоци (претставки, дополненија, барања) поднесени од страна на ПКБ Безбедност и д-р Страшо Глигоров треба да постапуваат инспекторите за спорт, а воедно и Записник за извршен инспекциски надзор број Ип.1.14-768/3 од 23.03.2023 година, воопшто не се наведени поднесоците (претставки, дополненија, барања) поднесени од страна на ПКБ Безбедност и д-р Страшо Глигоров врз чија основа е извршен сеопфатен инспекциски надзор.

Инспекцискиот совет, во повеќе наврати наведува дека од страна на Агенцијата за млади и спорт е извршен сеопфатен инспекциски надзор во кој се опфатени сите доставени поднесоци (претставки, дополненија, барања) од подносителите ПКБ Безбедност и д-р Страшо Глигоров по кој бил извршен наводниот сеопфатен инспекциски надзор.

Во Иницијатива за поведување дисциплинска одговорност за сторен дисциплински престап проитив инспектор за спорт Васе Ефтимов со број на лиценца А270440001 и Димитар Терзиев со број на лиценца А270440002, издадена на 07.07.2022 година бр.16-841/2 од 07.09.2023 година од Инспекциски совет, НЕ е наведено и цитирано по кои точно поднесоци (претставки, дополненија, барања) од подносителите ПКБ Безбедност и д-р Страшо Глигоров бил извршен наводниот сеопфатен инспекциски надзор и бил изготвен дека Записникот за извршен инспекциски надзор број Ип.1.14-768/3 од 23.03.2023 година.

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-79/1 од 15.01.2024 година и во однос на истото Ве информираме дека информацијата која е предмет на Барањето е информација која не е создадена од страна на Советот, ниту информација со која Советот располага.

Согласно член 3, став 1, алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) „информација од јавен карактер е информација во било која форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности." Согласно наведеното, имателот на информации не е должен да создава нова информација, или да

презема дополнителни дејства од своја надлежност, за да го задоволи Барателот во однос на неговото поднесено Барање на информации за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Дополнително, со оглед на тоа што Вие сте подносител на Барањето за пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-79/1 од 15.01.2024 година и со оглед на тоа што ги барате Вашите поднесени претставки, Вашето Барање не претставува барање за пристап до информации од јавен карактер, туку е барање од личен интерес. Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) обезбедува остварување на јавен интерес, опишан и таксативно наброен во член 3 став 1 алинеја 7 и гласи: „Јавен интерес во остварувањето на правото на пристап до информации подразбира, но не се ограничува, на интерес за информации со чие што објавување...1.ќе се открие злоупотреба на службената положба и корупттивното однесување; 2.ќе се открие противправно стекнување или трошење на буџетски средства; 3.ќе се открие потенцијален судир на интереси; 4.ќе се спречат и откријат сериозни закани по здравјето и животот на луѓето; 5.ќе се спречи и открие загрозување на животната средина; 6. Ќе се помогне да се разбере прашањето за кое се креира јавна политика или се води парламентарна дебата и 7. Ќе се овозможи еднаков третман на секој граѓанин пред законите". Законската дефиниција на "јавниот интерес" значи дека остварувањето на јавниот интерес подразбира остварување на интересот на поширокате заедница како целина, којшто има првенство пред индивидуалните потреби и права на поединците.

Искрено,

м-р Сашо Мержаноски,

Генерален секретар на Инспекциски совет

Подготвил/а: Андријана Алексова, советник

Проверил/а:Маја Срезоска, раководител на Сектор